РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 04-504/9
02. 11. 2018 година

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.35/2018) директорот на Дирекцијата, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор за унапредување административен службеник во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

1. **Ненад Трајкоски**, помлад соработник за безбедносни сертификати за физички лица во Одделението за персонална безбедност во Секторот за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации се унапредува во советник за работи поврзани со органите на државната власт, други институции и организации во Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол во Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор.
2. Одлуката за унапредување административен службеник да се достави до кандидатите за унапредување и на веб-страницата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.
3. Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Со Интерен оглас-05/2018 за унапредување административен службеник бр. 04-504/1 од 15.10.2018 беше огласена потребата од унапредување 1 (еден) административен службеник за работно место УПР0101В01000 советник за работи поврзани со органите на државната власт, други институции и организации во Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол во Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна

соработка и за инспекциски надзор од редот на вработените во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.35/2018).

На горенаведениот Интерен оглас се пријавија пет (5) кандидати, од кои по спроведувањето на интервјуто од страна на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју, Ненад Трајкоски е избран за унапредување од помлад соработник за безбедносни сертификати за физички лица во Одделението за персонална безбедност во Секторот за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации во советник за работи поврзани со органите на државната власт, други институции и организации во Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол во Секторот за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Директор
Стојан Славески

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- кандидатите
- Архива на ДБКИ